АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА

**3 СТ-124/18 и 160/18**
**ПРЕКУ**
**ОСНОВЕН СУД**
**СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ**
**ДО АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

**Стечаен должник:** Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје

# ЖАЛБА

*против Решение – за исправка- 3СТ-124/18 и 160/18 од 17.07.2018 година*

Со Решение за исправка 3СТ-124/18 и 160/18 од 17.07.2018 година, првостепениот суд врши исправка на Решението на Основен суд Скопје 2 Скопје, 3СТ-124/18 и 160/18 од 14.06.2018 година во изреката на Решението и тоа на начин што секаде во изреката на Решението каде се наведува и споменува „план за реорганизација" треба да стои „пречистен план за реорганизација", односно секаде пред зборовите „план за реорганизација" треба да стои зборот „пречистен" и на крајот од изреката после последниот став се додава нов став кој гласи: Предлогот поднесен од предлагачот, доверител Топлификација АД Скопје за отварање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, се отфрла.

Доверителот Топлификација АД Скопје, во законски определениот рок изјавува жалба против Решението за исправка, поради суштествени повреди на одредбите од чл.331 од Законот за парничната постапка, а во врска со чл.7 од Законот за стечај.

## Образложение:

Согласно чл.331 од ЗПП, грешките во имињата и броевите како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и несогласноста на преписот на пресудата со оргиналот, ќе ги поправи претседателот на советот, односно судијата поединец во секое време.

Во конкретниот случај, стечајниот судија под изговорот за исправка на решение се обидел да ја конвалидира незаконитата постапка при усвојувањето на планот за реорганизација, предложен од стечајниот должник Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, на начин што се обидел да допрецизира за кој план всушност се гласало на рочиштето на Собранието на доверители, па така спротивно на одредбите од Законот за стечај, наместо неуредниот план да го отфрли со решение,

истиот спротивно на одредбите од Законот за стечај му определува термин кој не постои во Законот за стечај, нарекувајќи го „пречистен план за реорганизација".

Законот за стечај во делот шести каде што го разработува прашањето за план за реорганизација, во ниту една своја одредба не употребува термин „пречистен план за реорганизација", ниту упатува на друга законска одредба од овој или од друг закон кој би овозможил употреба на овој термин. Напротив, законот утврдува посебна постапка за прифаќање и одобрување на планот за реорганизација, каде што исто така во ниту една од овие одредби не постои термин „пречистен план за реорганизација".

Оттука произлегува дека стечајниот судија со т.н. исправка на Решението се обидел да ги отстрани незаконитостите што се направени во текот на постапката за одобрувањето на планот за реорганизација, па оттаму ова Решение не ги содржи потребните елементи од чл.331 ст.1 од ЗПП за да може да се смета како решение за поправање на пресудата. Ова дотолку повеќе што, во оспореното Решение не се врши поправка на грешки во имиња, броеви, други очигледни грешки во пишување и сметање, недостатоци во форма и несогласност на преписот на пресудата со оргиналот. Напротив, со ова Решение се вметнува незаконски термин со намера да се отстранат недостатоците за кој план за реорганизација се гласало.

Имено, по првично доставениот план за реорганизација, стечајниот судија на рочиштето одржано на ден 05.06.2018 година, констатирал дека согласно разгледаните забелешки и одговор на приговорите и забелешките изложени од страна на претставниците на доверителите и на должникот, судот констатира дека дел од забелешките се од суштински карактер, во смисла дека планот треба да трпи промена во групирањето на класите на доверители и начинот на нивно намирување по однос на доверителите, при што судот констатирал дека нема услови да се пристапи кон гласање на предложениот план за реорганизација. Стечајниот судија, наместо да го отфрли овој план за реорганизација како неуреден, а во смисла на одредбите од чл.101 од ЗПП, стечајниот судија спротивно на одредбите од чл.228 од Законот за стечај, му овозможил на стечајниот должник да достави нов план за реорганизација, надвор од роковите од чл.228 од Законот за стечај и притоа истиот именувајќи го како „пречистен план за реорганизација".

Дека не станува збор за исправка и сторена грешка при изготвувањето на пресудата, говори и Записникот од одржано рочиште на 14.06.2018 година, на кое е донесен и одобрен планот за реорганизација во којшто стечајниот судија во делот на гласањето за одобрување на планот за реорганизација секаде го користи терминот „план за реорганизација", за да завршно стечајниот судија констатира дека Собранието донесе одлука со која се прифаќа и усвојува поднесениот „пречистен текст на планот за реорганизација" од 08.06.2018 година.

Токму оваа констатација ја потврдува незаконитоста на решението за исправка.

Имено, доколку стечајниот судија констатирал дека собранието на доверители го одобрило „пречистениот текст на планот за реорганизација" од 08.06.2018 година, несомнено произлегува дека за тој план за реорганизација не можело да се гласа на 14.06.2018 годна, бидејќи согласно чл.228 ст.2 од Законот за стечај, Собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација ќе се одржи во рок кој не е пократок од 21 ден, но не подолг од 30 дена од денот на свикувањето на собранието на доверители. Тоа значи дека стечајниот судија, во конкретниот случај, постапувал по нов план за реорганизација во кој требало да бидат содржани забелешките констатирани од страна на стечајниот судија утврдени на записник од 05.06.2018 година. Тоа значи, доколку стечајниот судија, планот за реорганизација во кој се констатирани недостатоци не го отфрлил со решение во смисла на чл.101 од ЗПП, бил должен со истиот да постапува како ново поднесен план за реорганизација, и притоа бил должен да ги почитува роковите утврдени со закон. Наместо тоа, стечајниот судија во брзањето што побрзо да ја озакони цела незаконита постапка, со ова Решение се обидел, на мала врата, да ги отстрани сите незаконитости на постапката при одобрувањето на планот за реорганизација, притоа употребувајќи термин кој Законот за стечај не го познава.

Од тие причини, токму ова решение ја потврдува незаконитоста на целата постапка по одобрувањето на планот за реорганизација. Впрочем, дека не станува збор за никаква техничка грешка ниту исправка на имињата и броевите како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоци во формата и несогласност на преписот на пресудата со оргиналот, говори и фактот што во образложението на пресудата низ целиот текст се употребува терминот „план за реорганизација". Во таа смисла повеќе од јасно е дека, доколку постои несогласност на судска одлука помеѓу диспозитивот и образложението на одлуката, таа одлука е незаконита.
Ова решение е класичен пример за тоа.

Со оглед на наведеното, предлагаме Апелациониот суд да ја уважи оваа жалба и го укине Решението за исправка 3СТ-124/18 и 160/18 од 17.07.2018 година и истовремено ја уважи жалбата против Решението 3СТ-124/18 и 160/18 од 14.06.2018 година против одлуката за одобрување на планот за реорганизација и донесе решение со кое одобрениот план за реорганизација не го прифати, односно предметот го врати на повторно одлучување.

Скопје, 24.07.2018 година

За Топлификација АД Скопје,
Полномошник, Адв.Панче Нефтенов